НАЦРТ

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 и член 36 став 1 точка 1, а во врска со член 50 став 1 точка 6 од („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес бр. 12/06, 3/09, 18/10, 15/14, 15/18, 6/19 и 8/21),

Советот на општина Велес, на 3-та седница одржана на _.11.2025 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
## за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2026 година

I. Општините во своја надлежност вршат работи од локалниот економски развој - планирање на локалниот економски развој, утврдување на развојните и структурните приоритети, водење на локална економска политика, поддршка на развојот на малите и средните претпријатија и на претприемништвото на локално ниво и во тој контекст, учество во воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институции и агенции и промовирање на партнерство согласно Законот за локалната самоуправа.

II. Основна цел на Програмата е да се даде придонес на локалниот економски развој преку реализација на планираните активности, со кои би се создале услови за одржлив локален развој како и поквалитетен начин на живот на граѓаните од подрачјето на општина Велес. Програмата е заснована врз потребите и приоритетите на нашите граѓаните кои се нотирани во Стратегијата за локален економски развој 2021-2025, Програма за енергетска ефикасност, План за одржлива урбана мобилност, Стратегија за развој на паметен град и др., изготвени на партиципативен начин/модел со учество на сите засегнати страни, особено со непосредно учество на граѓаните во процесот на планирање, креирање и одлучување (форумски процес), како и во соработка со месните и урбаните заедници, бизнис заедницата, невладините организации и други асоцијации.

III. Одделението за евроинтеграции и локалниот економски развој е одговорно за реализација на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој, во која предложените активности ги насочува кон остварување на усвоените стратешки документи на општината, преку следните приоритети и цели:

- Континуиран развој на капацитетите на општина Велес за привлекување инвестиции, намалување на невработеноста преку развој и реализација на проекти, како и промоција на општината;
- Активна имплементација на добиените и аплицирање на нови проекти од домашни и меѓународни фондови;
- Следење и имплементација на стратегиите за развој на Општина Велес;

- Динамичен локален економски развој преку континуирано зајакнување на капацитетите за привлекување инвестиции и овозможување добра бизнис клима за развој на јавните приватни партнерства;
- Искористување на расположиви домашни и меѓународни фондови;
- Континуирано подобрување на енергетската ефикасност;
- Зајакнување на административните капацитети за стандарди, обуки и тренинзи за имплементација на проекти и
- Зајакнување на капацитетите за бизнис и туристичка промоција на општината на домашен и меѓународен план.

Програмата може да се изменува и да се дополнува според утврдени приоритети и цели.

## IV. ПОДДРШКА И ПРОМОЦИЈА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Во оваа програмска активност опфатени се малите и средни претпријатија и занаетчиите, кои претставуваат битна алка во економскиот развој поради што потребно е континуирано да се изнаоѓаат нови стимулативни мерки за основање нови и/или одржување на веќе постоечки форми на бизнис – претпријатија, како што се планира со предвидениот локален фонд за поддршка на локални бизниси, стари занаети и ракотворци. Планираните средства ќе бидат распределени на начин и услови утврдени согласно Правилник за доделување на финансиски средства за спроведување на активности од проекти, иновации, форуми, настани и манифестации од областа на локалниот економски развој. Се планира да се спроведуваат акивности со кои максимално ќе бидат искористени локалните ресурси за раст и развој на претпријатијата, а се со цел јакнење на локалната економија, зголемување на стапката на вработување, како и подобрување на животниот стандард на граѓаните.

Предвидени се директни финансирања за равој на иновации – развој нов продукт/производ, унапреден процес при работењето на МСП на локално ниво, одржување на бизнис саеми за вмрежување, развој и промоција на локалните бизниси со цел за проширување на нови пазари, нови партнерства, соработка со други вршители од сродни дејности, како и унапредување на својата конкурентност.

Со субвенционирање на настани и манифестации од областа на занаечиството, како и обуки, ќе се постигне подигнување на вештините и знаењата на младите и на невработените лица (преквалификација и доквалификација).

Поддршка на локалниот економски развој се планира да се реализира со изготвување на информативен и промотиван материјал за можностите за инвестирање.

## V. СРЕДСТВА ЗА СОПСТВЕНО УЧЕСТВО ВО ИМПЛЕМЕТАЦИЈА НА ПРОЕКТИ

Во оваа програмска активност се предвидуваат средства за сопствено учество во проекти на општината, кои се финансирани од надворешни извори (домашни и/или меѓународни програми, домашни и/или странски институции или фондови). Според утврдените правила за аплицирање на одредени проекти се наметнува потребата од обезбедување на средства за сопствено учество како услов за аплицирање за одреден проект.

VI. ПОДДРШКА И ПРОМОЦИЈА НА ЛОКАЛНИОТ ТУРИЗАМ

Развојот на локалниот туризам претставува една од клучните можности за економски и културен напредок на општината. Со поддршка и активна промоција на туристичките потенцијали, општината може да создаде нови можности за вработување, да го зајакне локалното претприемништво и да го промовира својот природен и културен идентитет. Со одржлив и инклузивен развој на општината туризмот ќе придонесе не само за економски раст, туку и за зачувување на природното и културното наследство на заедницата. Планирани се следните програмски активности, и тоа:

- Идентификација и мапирање на туристички атракции – природни убавини, културно наследство, традиционални настани и гастрономија.
- Поддршка на локалните бизниси и занаетчии – преку промотивни настани, саеми и програми за обука.
- Развој на туристичка инфраструктура – патишта, патокази, инфо-табли и дигитална промоција.
- Промоција преку медиуми и социјални мрежи – создавање на туристички бренд на општината и промотивни видеа и брошури.
- Соработка со туристички агенции и невладини организации преку заеднички проекти и учество во национални и европски програми и
- Туристичкото информативно биро.

VIII. Табеларен приказ на активности и финансиски средства од програмата

| | ПРОГРАМА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ И ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ЗА 2026 ГОДИНА | | |
|---|---|---|---|
| Р.Б. | Активност | Буџет на Општина Велес | Надворешни фондови |
| 1. | Финасиско учество (кофинансирање) за реализација на проекти финансирани од надворешни извори | 1.000.000,00 | 0 |
| 2. | Консултантски услуги за изработка на студии за потребите на одделението за евроинтеграции и ЛЕР | 700.000,00 | 0 |
| 3. | Локален фонд за поддршка на мали бизниси, стари занаети и ракотворци | 500.000,00 | 0 |
| 4. | Поддршка и промоција на локален туризам | 500.000,00 | 0 |
| 5. | Гастрономско-туристичка манифестација „Фестивал на велешка пита и вино“ | 5.000.000,00 | 0 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6. | Мерки за енергетска ефикасност - Субвенционирање на сончеви колектори | 500.000,00 | 0 |
| 7. | Поддршка на Центарот за развој на ВПР | 500.000,00 | 0 |
| 8. | Европска недела на мобилност | 50.000,00 | 0 |
| 9. | Поддршка на ЛАГ | 8.000,00 | 0 |

IX. Активностите на Општина Велес од областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој утврдени со оваа Програма, ќе се финансираат од средства од Буџетот на Општина Велес за 2026 година, средства од Буџетот на Република Северна Македонија, странски и домашни донатори, фондови и донации.

X. Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“ и ќе биде ставена на јавна расправа.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во точката со реден број „1“, за активност „Финасиско учество (кофинансирање) за реализација на проекти финансирани од надворешни извори“, планираните финансиските средства се наменети за сопствено учество за реализација на проекти финансирани од домашни или меѓународни фондови. Планирани се средства во износ од 1.000.000,00 денари.

Во точката со реден број „2“, за активност „Консултантски услуги за изработка на студии за потребите на одделението за евроинтеграции и ЛЕР“ планираните финасиски средства се наменети за консултантски услуги за изработка на студии за потребите на одделението за евроинтеграции и ЛЕР (Стратегијата за локален економски развој 2026-2030, Програма за енергетска ефикасност и др.). Планирани се средства во износ од 700.000,00 денари.

Во точката со реден број „3“, за активност „Локален фонд за поддршка на мали бизниси, стари занаети и ракотворци“, планираните средства ќе се распределуваат на начин и услови утврдени согласно Правилник за доделување на финансиски средства за спроведување на активности (проекти, иновации, форуми, настани и манифестации) од областа на локалниот економски развој. Планирани се средства во износ од 500.000,00 денари.

Во точката со реден број „4“, за активност „Поддршка и промоција на локален туризам“ планираните финасиски средства се наменети за зголемена и интензивирана соработка во доменот на меѓународната комуникација со големите и значајни туристички организации и институции кои придонесуваат за развој на

туризмот, како и за учество на саеми. Ќе се реализираат активности кои се однесуваат на системот на едукација и тренинг обуки на човечките ресурси, како и систем на информирање на населението за користење на средствата од предпристапните ИПА фондови на ЕУ посебно во делот на проектите од руралниот туризам. Врз основа на барања од здруженија и асоцијации за туризам за потребата од одржување на обуки и презентации за многу области во туризмот, ќе се организираат обуки со ангажирање на сите релевантни институции, факултети, меѓународни организации, како и претставници од приватниот сектор. Активностите ќе бидат насочени кон создавање на неопходни предуслови за збогатување на туристичката понуда и нејзина промоција. Планирани се средства во износ од 500.000,00 денари.

Во точката со реден број „5“, за активност „Гастрономско-туристичка манифестација „Фестивал на велешка пита и вино“, планираните финансиски средства се наменети за организација на манифестацијата како туристички настан во Велес. Овој фестивал нуди одлична можност на локалните угостители кои подготвуваат „велешка пита“ и вино, за презентација на својот производ како дел од традиционалната македонска гастрономија. Манифестацијата ќе биде збогатена со присуство на локални ракотворци и нивните уникатни творби, а за посетителите ќе биде понудена богата музичко-забавна програма. Планирани се средства во износ од 5.000.000,00 денари.

Во точката со реден број „6“, за активност „Мерки за енергетска ефикасност - Субвенционирање на сончеви колектори“, планирани се средства за субвенционирање на сончеви колектори, со цел заштита на животната средина и енергетската ефикасност. Планирани се средства во износ од 500.000,00 денари.

Во точката со реден број „7“, за активност „Поддршка на Центарот за развој на ВПР“ планирани се средства за менаџирањето во рамки на проктите кои се реализираат преку Центарот за развој на Вардарскиот плански регион. Планирани се средства во износ од 500.000,00 денари.

Во точката со реден број „8“, за активност „Европска недела на мобилност“ во буџетот се планираат за организација на Европската недела на мобилност во 2026 година. Средствата се однесуваат на обезбедување на озвучување, промотивни материјали (вклучително и маички со логото на Европска недела на мобилност), исплата на волонтери, преведувач, туристички водич, вода, бои и лакови, паркинзи за велосипеди и кетеринг услуги, во износ од 50.000,00 денари.

Во точката со реден број „9“, за активност „Поддршка за ЛАГ“ во буџетот се планираат за поддршка на Локалната акциска група за рурален развој, во износ од 8.000,00 денари.